Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 13[1] и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеи 13 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со член 76-в став 1 и член 75-ѓ ставови 1 и 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21 ), согласно Заклучокот бр.02-3481/3 од 24.09.2021 година, Советот на Агенцијата на својата 28-ма седница одржана на 24.09.2021 година донесе:

**УПАТСТВО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА**

**УПАТСТВОТО ЗА ПЛАТЕНОТО ПОЛИТИЧКО РЕКЛАМИРАЊЕ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2021**

1. Упатството за платеното политичко рекламирање за локалните избори 2021, бр.01-3457/1 од 21.09.2021 година, во точка 3 став 1 алинеја 3, се менува и гласи: „ - Во максимум 1-та минута ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи од политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група".

2. Во останатиот дел Упатството за платеното политичко рекламирање за локалните избори 2021, бр.01-3457/1 од 21.09.2021 година останува неизменето.

3. Ова Упатство за изменување на Упатството за платеното политичко рекламирање за локалните избори 2021 влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе биде објавено на веб сајтот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Бр. 01-3486/1
24-09 2021 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).